РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-273/2-3
17. 01 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на 15.седница одржана на 20.12.2012 година, донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**

**за усогласување и акредитација на студиската програма по Менаџмент на еколошки ресурси од прв и втор циклус на студии на Факултетот за менаџмент на еколошки ресурси при МИТ Универзитет Скопје**

1. Се акредитира усогласената студиска програма по Менаџмент на еколошки ресурси со Законот за високото образование на **Факултетот за менаџмент на еколошки ресурси** на МИТ Универзитетот во Скопје со следните модули:

   а) Агробизнис, 1 циклус тригодишни студии (180 ЕКТС);
   б) Менаџмент на еколошки ресурси, 1 циклус тригодишни студии (180 ЕКТС);
   в) Менаџмент на растителен и животински фонд, втор циклус двегодишни студии (120 ЕКТС);
   г) Менаџмент на води, втор циклус двегодишни студии (120 ЕКТС);
   д) Агробизнис, втор циклус двегодишни студии (120 ЕКТС);

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Факултетот за менаџмент на еколошки ресурси при МИТ Унивезитетот Скопје по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за измени и дополнувања на студиските програми согласно измените од Законот за високто образование, како и одлуката за усвојување на студиската програма од Ректорската управа, достави елаборати до Одборот за акредитација е евалуација на ден 22.08.2012 година под број 15-273/3.

Одборот за акредитација на својата 12 седница одржана на 12.09.2012 година формира експертски комисии и на 15. седница одржана на 20.12.2012 година, врз основа на доставените елаборати и извешти на експертските комисии одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ

на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски